20251012230

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08-2803/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) во член 69 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите издадени лиценци, дали правните лица ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена лиценцата. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот ќе ја одземе лиценцата за изработување урбанистички планови, доколку:“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Против решението за одземање лиценца може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Правното лице чијашто лиценца е одземена е должно истата да ја врати веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање на лиценцата, на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.“.

Во ставот (6) зборот „правосилно“ се заменува со зборот „конечно“.

Во ставот (7) се додава нова втора реченица, која гласи:

„Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Во ставот (8) зборовите: „ ,во рок од осум дена од правосилноста на решението на“ се заменуваат со зборовите: „веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за“.

Во ставот (9) зборот „правосилноста“ се заменува со зборот „конечноста“.

Во ставот (11) зборовите: „Правосилното решение“ се заменуваат со зборот „Решението“, а зборовите: „правосилното решение“ се заменуваат со зборот „решението“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.